Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

МАПАС

# МИСИЈА И ВИЗИЈА

ЕЛЕКТРОНСКИ ИНФОРМАТОР

**Е-МАПАС**

БР.57

АПРИЛ 2026 ГОДИНА

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) има клучна улога во обезбедување стабилност, сигурност и развој на капитално финансираното пензиско осигурување во Република Северна Македонија. МАПАС како регулаторна и супервизорска институција континуирано се грижи за заштита на интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови, преку контрола на работењето на пензиските друштва и следење на управувањето со средствата на пензиските фондови.

**Мисијата на МАПАС** е да ги заштити интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и да го поттикне развојот на капитално финансираното пензиско осигурување заради посигурни пензионерски денови.

**Визијата на МАПАС** е да биде препознаена како независна, стручна и транспарентна институција која активно го штити и унапредува капитално финансираното пензиско осигурување.

Во насока на остварување на својата мисија и визија, МАПАС ги дефинира трите главни стратегиски цели.

**СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 1:**

**Обезбедување на управување со ризиците кои им се заканувaат на средствата и на пензиите и на пензиските надоместоци на членовите на пензиските фондови, како и на угледот на системот, и сведување на истите на најниско можно ниво.**

Првата стратегиска цел е насочена кон управување со ризиците во капитално финансираното пензиско осигурување, со цел заштита на средствата на членовите на пензиските фондови. Имајќи предвид дека пензиското штедење е долгорочен процес, МАПАС посветува особено внимание на контрола на инвестициите и анализа на ризиците. Преку континуирана супервизија и примена на пристап заснован на ризици, се настојува да се обезбеди сигурност на средствата и да се минимизираат потенцијалните негативни влијанија врз системот.

Оваа цел се остварува преку следните активности:

- Спроведување на вонтеренска супервизија на пензиските друштва и фондови врз основа на доставени извештаи и податоци
- Спроведување теренска супервизија врз основа на ризици на пензиските друштва и чуварите на имот
- Изрекување препораки и укажувања за подобрување на работењето на пензиските друштва и пензиските фондови
- Работење на Комитетот за оценка на ризици (анализа на ризици, следење трендови, предлагање мерки)

## СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 2:

**Унапредување и одржување на стабилно и транспарентно капитално финансирано пензиско осигурување што ја има поддршката на членството и јавноста**

Втората стратегиска цел се однесува на работењето на МАПАС за подобрување на условите за функционирање на пензиските друштва, развој на нови инвестициски можности и зголемување на транспарентноста во работењето. Посебно значење има обезбедувањето на јасни и разбирливи информации за членовите на пензиските фондови, со цел тие да бидат подобро информирани за своите права и за состојбата на нивните средства. Дополнително, се посветува внимание на квалитетот на услугите, ажурноста на податоците и сигурноста во процесот на исплата на пензии, што придонесува за градење доверба во капитално финансираното пензиско осигурување.

Оваа цел се остварува преку следните активности:

- Донесување подзаконски акти (правилници, одлуки и упатства) за уредување на капитално финансираното пензиско осигурување
- Давање одобренија за работењето на пензиските друштва
- Изготвување статистички извештаи и анализи за капитално финансираното пензиско осигурување
- Одржување статистичката веб алатка МАПАС-СТАТ
  **МАПАС-СТАТ Алатка за статистички податоци - Мапас | Мапас**




- Идентификување и следење на системски ризици и учество во макропрудентна политика
- Организирање испити и регистрација на агенти на пензиски друштва
- Водење регистар на членови на задолжителните пензиски фондови

- Информирање на членовите и обезбедување на алатка за проверка на членство **Провери во кој задолжителен пензиски фонд си член! - Мапас | Мапас**




- Постапување по барања на членови и претставки
- Спроведување активности за финансиска едукација и зајакнување на јавната свест **Едукативни материјали и видеа - Мапас | Мапас**




**СТРАТЕГИСКА ЦЕЛ 3:**

**Подобрување на капацитетот во насока на зајакнување на својата супервизорска и регулаторна улога во капитално финансираното пензиско осигурување.**

Третата стратегиска цел е насочена кон зајакнување на институционалните капацитети на МАПАС, како предуслов за успешно спроведување на нејзините надлежности. Ова подразбира континуирано унапредување на знаењата и вештините на вработените, подобрување на организациските процеси и примена на современи стандарди за квалитет и безбедност на информациите. Преку развој на човечките ресурси, воведување на меѓународни стандарди и спроведување на редовни контроли и евалуации, МАПАС обезбедува ефикасно, професионално и транспарентно работење.

Оваа цел се остварува преку следните активности:

- Надградување на стручноста на вработените
- Развивање и унапредување на деловните процеси и организацијата
- Унапредување на ИТ системите и автоматизација
- Соработување со други супервизорски тела во земјата и во странство
- Одржување на ISO стандарди за квалитет и безбедност на информации
- Изготвување и објавување на информации за работењето на МАПАС

Улогата на МАПАС не се сведува само на супервизија и контрола, туку на градење систем во кој граѓаните ќе имаат доверба дека нивните заштеди се сигурни и одговорно управувани. Преку својата посветеност на стабилност, транспарентност и континуирано унапредување, МАПАС настојува да создаде средина во која пензиското осигурување не е само обврска, туку сигурност за иднината.

Со реализација на овие цели, МАПАС придонесува кон создавање стабилен и одржлив пензиски систем кој обезбедува сигурност за граѓаните и нивните идни пензиски приходи.

**„Целта го претвора планот во резултат"**

**„Супервизијата е механизам за подобрување, а не само за контрола"**

## ПРЕТСТАВНИК НА МАПАС НА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 20 ГОДИНИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ХАНФА

Марија Поповска, советник на Претседателот на Советот на експерти на МАПАС, присуствуваше на свечената академија по повод одбележувањетона 20-годишнината од работењето на Хрватската агенција за надзор на финансиските услуги (ХАНФА), која се одржа во Загреб.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**




## ИНТЕРАКТИВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ – „FUTURE MILLIONAIRE CHALLENGE "

МАПАС, заедно со пензиските друштва, КБ Прво пензиско друштво,, САВА пензиско друштво и ТРИГЛАВ пензиско друштво, ја одржаа работилницата „Future Millionaire Challenge", во организација на Универзитетското студентско собрание, наменета за студентите, со цел унапредување на финансиската писменост и поттикнување на свесноста за важноста на долгорочното планирање и разбирањето на пензискиот систем како дел од нивната иднина.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## МОЖНОСТИ ЗА ИНСТИТУЦИОНАЛНА И АКАДЕМСКА СОРАБОТКА – ТЕМА НА СРЕДБАТА МЕЃУ РЕМЗИ БАЈРАМИ И ПРОФ. Д-Р АБДУЛМЕНАФ БЕЏЕТИ

Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, Ремзи Бајрами, оствари работна средба со проф. д-р Абдулменаф Беџети, професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, член на Македонската академија на науките и уметностите и истакнат експерт за финансии и економски прашања поврзани со надлежностите на институцијата.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## УСВОЕН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КОМИТЕТОТ ЗА ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ ЗА 2025 ГОДИНА: ФИНАНСИСКАТА СТАБИЛНОСТ Е ЗАДРЖАНА

Комитетот за финансиска стабилност, на седницата одржана на 5 март 2026 година, го разгледа Извештајот за работењето на Комитетот и поткомитетите во 2025 година, при што беше утврдено дека финансиската стабилност е задржана, а финансискиот систем покажува добра отпорност и способност за справување со предизвиците.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## ГЛОБАЛНАТА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ 2026 ГОДИНА: „РАЗГОВОРИ ЗА ПАМЕТНО УПРАВУВАЊЕ СО ПАРИТЕ“

Народната банка, Министерството за финансии, Комисијата за хартии од вредност, Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) и Агенцијата за супервизија на осигурувањето, во соработка со асоцијациите и институциите од приватниот и граѓанскиот сектор коишто се активни во доменот на финансиската едукација, во периодот од 16 до 22 март 2026 година, четиринаесетта година по ред ќе ја одбележат Глобалната недела на парите.




За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

## МАПАС УЧЕСТВУВАШЕ НА ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПИСМЕНОСТ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ

Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), Ремзи Бајрами, и Советникот на Претседателот, Марија Поповска, учествуваа на настанот за презентација на Извештајот за финансиска писменост кај учениците, подготвен од Бирото за развој на образованието во соработка со Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**



## ЕДУКАТИВЕН НАСТАН НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ: МАПАС И ПЕНЗИСКИТЕ ДРУШТВА ГИ ПОТТИКНУВААТ МЛАДИТЕ КОН „SMART MONEY TALKS“ ЗА ПОДОБРА ФИНАНСИСКА ИДНИНА

Во рамки на одбележувањето на Global Money Week 2026, денеска на Економскиот факултет се одржа едукативен настан во соработка со проф. Елена Наумовска, посветен на подигнување на финансиската писменост кај младите. На настанот, претставник на МАПАС заедно со претставници од трите пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво АД Скопје, Сава пензиско друштво АД Скопје и Триглав пензиско друштво АД Скопје отворија дискусија на тема „Smart money talks“, која ја одбележува овогодишната Глобална недела на парите 2026 (ГНП).

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**




## МАПАС СО ИНТЕРАКТИВНА РАБОТИЛНИЦА ВО ООУ „СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ПО ПОВОД ГЛОБАЛНАТА НЕДЕЛА НА ПАРИТЕ

Во рамки на одбележувањето на Global Money Week, претставници од Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), заедно со претставници од пензиските друштва КБ Прво пензиско друштво, Сава пензиско друштво и Триглав пензиско друштво, одржаа средба со наставниот кадар и реализираа интерактивна работилница во ООУ „Свети Климент Охридски“ во Општина Бутел.

За повеќе информации посетете го следниот **линк.**





## УЧЕСТВО НА МАПАС НА МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ЦЕНТРАЛНО БАНКАРСТВО ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНИ ПРОМЕНИ

Претседателот на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС), Ремзи Бајрами, заедно со членот на Советот на експерти Пранвера Сума, присуствуваа на Меѓународна конференција на високо ниво, во организација на Народната банка, во соработка со Европскиот форум за пари и финансии (SUERF – The European Money and Finance Forum), на тема: „Централното банкарство во услови на постојани светски промени: поттикнување стабилност, иновации и издржливост“.



За повеќе информации посетете го следниот **линк.**

**ИМАТЕ ПРАШАЊА ИЛИ ПОПЛАКИ?**
**Јавете се во МАПАС или напишете порака на contact@mapas.mk**

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС)
Славко Јаневски 100, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Тел: (02) 3224 229
www.mapas.mk

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

TÜV NORD
TÜV NORD CERT GmbH
ISO/IEC 27001